Врз основа на член 11 став 9 од Законот за пожарникарството („Службен весник на Република Македонија„ бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15 и 39/16) Градоначалникот на општината Битола донесе

# П р а в и л н и к
## за критериумите за селекција на кандидати за вработување во ТППЕ Битола за работните места Пожарникар спасител возач на специјално возило и Пожарникар спасител

### Член 1

Со овој Правилник се утврдуваат критериумите за селекција на кандидати за вработување во ТППЕ Битола за работините места Пожарникар спасител возач на специјално возило и Пожарникар спасител.

### Член 2

Кандидатите кој се пријавиле по јавниот оглас може да освојат најмногу 50 бода, и тоа распоредени на следниот начин:

**Образование 5 бода**

| | |
|---|---|
| кандидатот со завршено средно образование добива | 3 бода |
| кандидатот со завршено више образование добива | 4 бода |
| кандидатот со завршено високо образование добива | 5 бода |

**Возачка дозвола 7 бода**

| | |
|---|---|
| за возачка дозвола за „Ц„ категорија | 5 бода |
| за возачка дозвола за „Д„ категорија | 7 бода |

**Членување во Доброволно противпожарно друштво 5 бода**

| | |
|---|---|
| членување во ДПД | 5 бода |

| | |
|---|---|
| **Интервју 33 бода** | |
| Општи прашања | 7 бода |
| Прашања за општи компетенции | 12 бода |
| Прашања за посебни компетенции | 12 бода |
| Активно познавање на македонски јазик | 2 бода |

Член 3

Доколку два или повеќе кандидати имаат ист број на бодови предност добива кандидатот кој освоил повеке бодови на интервјуто.

Член 4

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави на веб страната на Општина Битола.
Со денот на влегување во сила престанува да важи Правилникот за критериумите за селекција на кандидати за вработување во ТППЕ Битола за работните места Пожарникар спасител возач на специјално возило и Пожарникар спасител бр. 04-159 од 01.08.2017 година.

Бр. 04-277/1
21.12.2018
Битола

Градоначалник
на Општина Битола
м-р Наташа Петровска

Изготвил; Кире Ѓоргиевски